# Индивидуата во меѓународните односи

Миа Младеновска

Правен факултет „Јустинијан Први” - Скопје

## I. Вовед

Под влијание на глобализацијата како феномен кој го зафати светот, во последните неколку децении во рамки на меѓународните односи започнува да се разгледува и улогата на индивидуите како вистински актери во односите. Ова се должи и на развивањето на теориите за меѓународни односи во услови на “shift of powers” особено низ призмата на либерализмот и конструктивизмот. Започнувајќи од реализмот, индивидуата често се споменува низ делата на класичните реалисти, пред се низ нивните перцепции за природата на човекот. Но, низ таквите согледувања не оставаат простор за можноста индивидуите вистински да влијаат на меѓународната сцена, фокусирајќи се исклучиво на државите како актери во меѓународните односи. Имено, реалистите определуваат дека човековата природа е нужно предводена од желбата за моќ, што е потврдено од согледувањата на Макијавели и Моргентау кои индивидуата во меѓународните односи ја карактеризираат низ својствата на политичките лидери, односно нивната волја, мотиви и интереси.[1] Кенет Волтс, како неореалист, во делото „Човек, држава и војна” утврдува три слики или слоеви на меѓународните односи, ставајќи ја индивидуата во првата слика, но повторно фокусирајќи се на политичките фигури, односно оние лица во чии раце е сосредоточена одредена власт во рамки на нивните држави, која ја остваруваат преку своите интереси што понатаму ги изнесуваат и во меѓународните односи. Во таа смисла, Волтс утврдува дека „војните настануваат од себичност, погрешно насочени агресивни импулси, од глупавост.”[2] Од друга страна, либералите се занимаваат со индивидуата низ спротивна перспектива, потенцирајќи го доброто во човековата природа со што дозволуваат развивање на идејата дека индивидуите имаат значајна улога и можат да доведат до трансформирање на

---

[1] Hans J. Morgenthau, *Politics among Nations: The Struggle for Power and Peace*. 5$^{th}$ ed., Alfred A. Knopf, 1978, стр. 4-15; Niccolo Machiavelli, *The Prince* (1532), преведено од George Bull, Penguin Classics, 2003, стр. 65-68.
[2] Kenneth N. Waltz, *Man, the State and War,* Columbia University Press, 1959, стр. 16.

меѓународните односи. Во однос на ова, важно е да се забележи сфаќањето на Гирард, кој низ делото ,,Индивидуи, индивидуализам и глобални политики"  утврдува дека бројните концепти за меѓународните односи, од Гроцуис до теоретичарите на 19тиот век вклучувајќи ги Кант и Маркс, "придонеле до тоа да остане отворено прашањето за местото и улогата на индивидуата во меѓународните односи."[3] Ова е исклучително значајно за понатамошниот развој на теориите кои се осврнуваат сѐ повеќе на индивидуите, што е незанемарливо во денешниот модернизиран, технолошки унапреден свет. Во оваа насока, се појавува и значењето на конструктивизмот како теорија на меѓународните односи која се јавува во 80-тите години на минатиот век и настојува кон поголемо вклучување на индивидуите како актери во глобалните политики. Се заснова на сфаќањето дека актерите на глобално ниво меѓусебно се поврзуваат преку идеи и интереси, кои пак се јавуваат во умовите на индивидуите и на тој начин значењето на индивидуите не може да биде исклучено за сметка на државите.

Бројни теоретичари кои се занимаваат со меѓународните односи, периодот непосредно по Студената Војна го сметаат за период во кој започнуваат да се вреднуваат индивидуите како актери на меѓународната сцена, на ниво приближно на државите. Дотолку повеќе, значење се дава на глобализацијата на општеството, пред се со дигитализацијата и унапредувањето на начините за комуникација на глобално ниво.[4] Во овој контекст се јавува моментот на ,,shift of powers" односно измени во носителите на власта и моќта на меѓународно ниво. Зголемената популарност на интернетот и технологијата која се јавува во овој период, како и широките можности за комуницирање, доведоа до социјално преструктурирање во заедницата, односно до промена во имателите на моќта. Широко распространетата дигитализација овозможи одредени групи или индивидуи да имаат можност да се искажат и да бидат слушнати на глобално ниво, што во одреден степен и ги овласти недржавните актери повеќе од "класичните" актери на меѓународно ниво, како што се државите и меѓународните организации. Сето ова доведе и до ,,редистрибуција на моќта, вредностите

---

[3] Girard, Michel (ed.), *Individualism and World Politics*, 1 ed., Macmillan Press Ltd, 1999, стр. 1-23.
[4] Abdelhaey, Samah Abdelsabour, *Bringing the individual back in: Private entrepreneurs as actors in international relations – the case of Mark Zuckerberg*, Review of Economics and Political Science, 2019, стр. 305.

и принципите на секое општество.”[5] Исто така, низ современите концепти за меѓународните односи се јавува и тезата дека индивидуите имаат улога не само во сопствените држави, туку влијаат и на тоа како се однесуваат другите држави, особено кога индивидуата се наоѓа во висока позиција на лидер во државата преку која стекнува значително значење во ситуации на кризи, конфликти или војни. Во оваа смисла, преамбулата на Уставот на УНЕСКО предвидува: „[…] бидејќи војните започнуваат во умовите на луѓето, токму во умовите на луѓето мора да бидат конструирани одбраните на мирот; […] мирот заснован исклучиво на политичките и економските уредувања на владите не би бил мир кој би можел да обезбеди едногласна, трајна и искрена поддршка на народите во светот, и дека мирот затоа мора да се заснова на интелектуална и морална солидарност на човештвото.”[6] Со ова повторно се потенцира гледиштето дека индивидуите имаат свое место во меѓународните односи, и понатаму, дека последицата која може да произлезе од позицијата која ја стекнува една индивидуа (дали ќе доведе до мир или војна) зависи исклучиво од природата на индивидуата. Следните излагања во рамки на овој труд ќе се фокусираат на „3 слоеви на индивидуата во меѓународните односи” односно позиции во кои можат да се најдат индивидуите како актери на глобално ниво.

## II. Индивидуата како политички лидер во меѓународните односи

Кога се зборува за улогата и влијанието на индивидуата како актер во меѓународните односи, првично се започнува со разгледување на индивидуата од највисоката позиција на власт во рамки на својата држава, односно од позиција на политички лидер. При разгледување на политичките лидери како актери, теоретичарите поаѓаат од личните својства на индивидуите, нивната природа и мотиви. Така, некои теоретичари утврдуваат дека лидерите кои се склони на преземање ризици се најчесто тие кои започнуваат војни, шефови на држави кои имаат грандиозни визии и идеи најчесто доведуваат до дестабилизирање на општеството, а државите предводени од индивидуи чие однесување е

---

[5] Bae, Y.J., *Information technology and the empowerment of new actors in international relations*, Journal of International and Area Studies, Vol. 10, 2013, стр. 83.

[6] Организација за образование, наука и култура на ООН (УНЕСКО), *Устав на Организацијата за образование, наука и култура на ООН*, 16 Ноември 1945.

релативно предвидливо најчесто имаат силни и долготрајни сојузи со други држави.[7] Овие гледишта не остануваат само во теорија или на хартија, туку имаат свој одраз и низ вистински историски настани кои го обликуваа светот. Имено, невозможно е да се зборува за клучни историски настани кои го променија светот, без да се осврнеме на одредени значителни поединци кои ги иницирале или имале одредена улога во таквите настани. Во оваа смисла, Бајман и Полак сликовито го доловуваат значењето на ваквите индивидуи на меѓународната сцена низ премисата: ,,да ги објаснувате меѓународните односи, игнорирајќи ги Хитлер, Бизмарк, Наполеон и други монументални фигури е исто како да се обидувате да ја разберете уметноста или музиката без Микеланџело и Моцарт."[8]

Започнувајќи од историски настан кој ја потресе меѓународната сцена во средината на минатиот век – Втората Светска Војна, историчарите, теоретичарите, па дури и филозофи и психолози, при разгледувањето на војната од различни перспективи нужно поаѓаат од Хитлер, кој е нашироко огласен и како ,,поттикнувачот" на низата грозоморни настани кои настапиле во војната. Да се долови целосната улога на Хитлер како индивидуа во меѓународните односи е обемна задача, пред се поради повеќестраното влијание кое тој го имал во однос на почетокот и текот на Втората Светска Војна. Неговата политичка визија, лични верувања и аспирации се наметнале над интересите на германските граѓани, што ефективно довело до тоа политичката ситуација во Европа во 1940-тите години да биде диктирана од една личност. Тој не само што го диктирал општествено-политичкиот развиток на германската држава, туку влијаел и на одлуките во однос на војната, изборот на противници и обемот на аспирациите на Германија.[9] Тој е пример и за тоа како индивидуите може да влијаат и на однесувањето на други држави, бидејќи неговата експанзионистичка агресивност и свирепост довеле до создавање сојузи меѓу држави, кои што во редовна состојба на мир најверојатно не би биле остварени.

На Студената Војна сеуште не ѝ бил означен крајот, кога Европа повторно била зафатена од конфликт во 1990-тите години – војните во поранешна Југославија. Западната литература го смета Слободан Милошевиќ, политички лидер на Србија, како примарно одговорен за

---

[7] Byman, Daniel L., and Kenneth M. Pollack, *Let Us Now Praise Great Men: Bringing the Statesman Back In*, International Security, vol. 25, 2001, стр. 137-139.
[8] *ibid* стр. 145.
[9] *ibid* стр. 121.

распадот на СФРЈ и вооружениот конфликт во регионот.[10] Слично на примерот на Хитлер, интересите на Милошевиќ биле наметнати над српското население. Имено, тој тактички се користел со говори одржувани пред масовна публика, кои биле концизни, вокабуларно сиромашни, со постојан фокус на „обединување и единство” со потсвесна националистичка порака.[11] Токму во овие говори многумина теоретичари го пронаоѓаат планирањето и иницирањето на војните од 90-тите.[12] Меѓународната заедница се соочила со значителни предизвици во одговорот на Балканската криза, а конфликтите ја тестирале ефикасноста на меѓународните институции во спречувањето и решавањето на таквите конфликти. Ерата на Милошевиќ, исто така, ќе ги истакне ограничувањата на традиционалните пристапи за дипломатија и решавање на конфликти. Недостатокот на волја од големите сили решително да интервенираат во раната фаза на балканскиот конфликт ги утврдува комплексноста и тешкотиите при навигирање на меѓународните односи соочени со длабоко вкоренети етнички конфликти, што не можат да се објаснат со доминантниот реалистички пристап.[13]

При разгледување на индивидуи на високи политички функции, не секогаш се потенцираат личности кои својата власт ја „злоупотребиле” односно ја насочиле кон политика на војување, освојување на територии или искачување на скалата која води до хегемонија. За разлика од пристапот кој претходно беше разгледуван, важно е да се обрне внимание на индивидуи кои не се озлогласени во меѓународните односи, поточно индивидуи кои повеќе се вметнуваат во либералистичко-оптимистичкиот калап на мирољубиви, трансформативни поединци. Во оваа смисла се разгледува примерот на Михаил Горбачов низ призмата на Студената Војна и падот на комунизмот.

Горбачов често се карактеризира како најважниот иницијатор на серијата настани кон крајот на 80-тите години на минатиот век кои ја трансформирале политичката состојба во Европа и го означиле „почетокот на крајот” на Студената Војна. Поаѓајќи од неговата стратегија за надворешна политика, Горбачов од почетокот на неговата функција негувал

---

[10] Silber, Laura; and Allan Little, *The Death of Yugoslavia*, Penguin Books, 1996, стр. 385.

[11] Од особено значење се говорите кои Слободан Милошевиќ ги одржал на Косово Поље (25 Април 1987) и Газиместан (28 Јуни 1989), цитирани во Philip E. Auerswald and David P. Auerswald, *The Kosovo Conflict; A Diplomatic History through Documents,* The Hague: Kluwer Law International, 2000, стр. 31-33.

[12] Zimmermann W., *Origins of a Catastrophe:Yugoslavia and its Destroyers,* Times Books, 1996, стр. 20.

[13] Gagnon, V.P Jr., *Ethnic Nationalism and International Conflict. The Case of Serbia*, International Security, vol. 19, 1994, стр. 132.

потопли односи и трговија со развиените нации и на Западот и на Истокот. Во 1987 година тој потпишал договор со американскиот претседател Роналд Реган за двете држави да ги уништат постоечките залихи на нуклеарно оружје. Во 1988-1989 година тој го надгледувал повлекувањето на советските трупи од Авганистан по нивната деветгодишна окупација на таа земја. Новите слободи што произлегле од демократизацијата и децентрализацијата на политичкиот систем на Горбачов доведеле до граѓански немири во неколку земји (Азербејџан, Грузија и Узбекистан), а во други (на пример, Литванија) дури и до директни обиди да се постигне независност. Неговите напори да го демократизира политичкиот систем на неговата земја и да ја децентрализира нејзината економија ќе доведат и до пад на комунизмот и распад на Советскиот Сојуз во 1991 година. Низ примерот на Горбачов и неговата политика и интереси во рамки на неговата држава се препознава отсликување на политички лидер чие однесување влијае на однесувањето и на други држави, групи и индивидуи.

Ниту една дискусија за влијанието на поединецот врз односите меѓу државите, не е целосна без да се спомене улогата на Роберт Шуман, поранешен француски министер за надворешни работи, познат денес како основач на Европската Унија. Тој претставува политичка фигура со значително образование и знаење од областа на правото и економијата, кој успеал да ја согледа својата позиција во Француската Република како платформа од која може да се направат позитивни промени, по ужасните злосторства во Втората Светска Војна. Најпознат е по „Шумановиот План“ кој го подготвил во соработка со Жан Моне и го претставил на 9 мај 1950 година, кој подоцна ќе стане датум на раѓање на ЕУ. Она што е најважно за планот на Шуман се мотивите зад него кои, сосема необични за слични политички лидери во тоа време, не целеле кон постигнување поголема моќ од страна на една држава, туку кон конструирање мир меѓу поранешни ривали и формирање на повисока власт која ќе ги води односите меѓу државите во Европа. Преку својот план, Шуман предложил заедничка контрола на производството на јаглен и челик, најважните материјали за индустријата за вооружување. Основната идеја била дека оној што нема контрола врз производството на јаглен и челик нема да може да води војна, односно дека тоа ќе ја направи војната „не само незамислива, туку и материјално невозможна“.[14] Преку овој план, Шуман ја провлекува

[14] Европска Комисија, *Robert Schuman: the architect of the European integration project*, 2021, достапно на https://european-union.europa.eu/system/files/2021-06/eu-pioneers-robert-schuman_en.pdf.

идејата дека кога воените материјали и ресурси се достапни на државните лидери, тоа го зголемува нивниот интерес за уништување и проширување. Така, намалувањето или ограничувањето на изворот на таквите ресурси инхерентно би ги насочило политичките лидери на државите кон мирни и кооперативни регионални решенија.

## III. Индивидуата како приватен претприемач во меѓународните односи

Приватните претприемачи, односно поединци без формален авторитет што произлегува од некоја политичка функција, се способни да направат значително влијание поради неколку причини. Прво, тие поединци се помалку обврзани со правилата на политичката игра, за разлика од поединците на официјални позиции, кои се ограничени со такви правила. Второ, тие се помалку одговорни пред јавноста; тие работат далеку од бирократијата, што им ги олеснува нивните потези и активности.[15] Трето, тие поседуваат огромни ресурси и се поврзани со транснационални мрежи кои им овозможуваат успешно да ги бранат вредностите во кои веруваат.[16]

Почнувајќи како бизнисмен, Анри Динан остави неизбришлива трага во сферата на меѓународните односи преку неговите пионерски напори на полето на хуманитарноста. Длабокото значење на Динан произлегува од неговата клучна улога во основањето на Меѓународниот комитет на Црвениот крст (МКЦК) и иницирањето на Женевските конвенции, монументални промени во сферата на меѓународното право и односи кои настанале поради случајна средба на Динан со ужасните маки на ранетите војници за време на битката кај Солферино во 1859 година.  Воден од сочувство и посветеност за ублажување на човечкото страдање за време на војна, Динан ја објавил „Сеќавање на Солферино“ во 1862 година.[17] Низ ова важно дело, тој предложил формирање на доброволни организации

[15] Abdelhaey, Samah Abdelsabour, *Bringing the individual back in: Private entrepreneurs as actors in international relations – the case of Mark Zuckerberg*, Review of Economics and Political Science, 2019, стр. 310.
[16] Nicholson Michael, *Individuals and their Influence on the International System in: Individualism and World Politics* edited by Girard Michel, Macmillan Press Ltd, 1999, стр. 24-25.
[17] Меѓународен комитет на Црвениот Крст, Henry Dunant (1828-1910), 1998 достапно на https://www.icrc.org/en/doc/resources/documents/misc/57jnvq.htm; Humanitarian Practice Network at ODI, Humanitarian Exchange, no. 58, 2013, стр. 26-28 достапно на https://odihpn.org/wp-content/uploads/2013/08/HE58web.pdf.

кои што би пружале хуманитарна помош на ранетите од двете страни на бојното поле.[18] Идеите на Динан ги револуционирале меѓународните односи, особено меѓу држави вклучени во вооружен конфликт, поставувајќи ја основата за создавање, пред сè, непристрасна и независна меѓународна организација, посветена на заштита на животот и достоинството на луѓето независно од нивната припадност.[19] Наследството на Анри Динан опстојува како доказ за моќта и успешноста на индивидуалното сочувство и иницијатива да катализираат длабоки и позитивни промени во областа на меѓународните односи. Неговото значење е уште повеќе засилено со фактот што Динан е еден од добитниците на првата Нобелова награда за мир во 1901 година.[20]

Еден од најбогатите претприемачи во свеотот, Бил Гејтс, игра голема улога во добротворните дела ширум светот преку Фондацијата Бил и Мелинда Гејтс (БМГФ).[21] Оваа фондација поддржува програми во повеќе од 130 држави ширум светот, насочени кон здравство, хигиена, земјоделство, образование, намалување на стапките на сиромаштија. Од 2000-та година до денес, фондацијата има исплатено речиси 80 милијарди долари за цели кои вклучуваат борба против маларија, СИДА и корона вирусот. Исто така, фондацијата е редовен донатор на Светската здравствена организација (СЗО), со тоа што во 2016 година донациите на БМГФ изнесувале 14% од вкупниот буџет на СЗО. Во текот на минатата година, Гејтс изјавил дека имало неколку неодамнешни „огромни глобални неуспеси“, вклучително и пандемијата на коронавирус, инвазија на Русија во Украина и острата политичка поделба во Соединетите Американски Држави, додавајќи дека „големите кризи

[18] Интересно, низ писмо кое го има напишано на бароницата фон Затнер, Динан препознава дека неговата иницијатива поттекнува само од еден поединец, навидум незначаен играч на меѓународната сцена меѓу моќни држави. Во писмото Динан вели: „Навистина беше ужасот на војната што ја инспирираше во мене, обична индивидуа, оваа горлива решителност која, благодарение на светската помош на многу луѓе посветени на каузата на човештвото, доведе не само за остварување на огромен меѓународен потфат, но и за всадување во нив верски ужас спрема војната и со тоа нивно претворање во пријатели на мирот“ (Henry Dunant to Baroness Bertha von Suttner, 24 February 1896, Suttner- Fried Collection, UNO Archives).

[19] Durand, Andre, *The development of the idea of peace in the thinking of Henry Dunant*, International Review of the Red Cross No. 250, 1986, стр. 16-21.

[20] Првата Нобелова награда била доделена во 1901 година на Анри Динан за „неговите хуманитарни напори да им помогне на ранетите војници и да создаде меѓународно разбирање“ и на Фредерик Паси „за неговата доживотна работа за меѓународни мировни конференции, дипломатија и арбитража.“ Повеќе информации достапни на: https://www.nobelprize.org/prizes/peace/1901/summary/.

[21] Официјална web страна на фондацијата достапна на: https://www.gatesfoundation.org/.

на нашето време бараат од сите нас да направиме повеќе."[22] Гејтс, и општо фондацијата, може да се посочи како пример за користење на моќта за добро. Односно, пример за индивидуа која има ресурси, споредливи со ресурсите на одредени држави, што ги применува за цели од глобално значење, а за кои државните актери не нашле компромис како да ги решат, или не се заинтересирале доволно да ги решаваат. Во вакви случаи, останува на индивидуата да ги „пополни дупките" што ги државните актери ги создале фокусирајќи се на нивните политички приоритети, занемарувајќи ги потребите на човештвото.

## IV. Колектив на индивидуи во меѓународните односи – гласот на јавноста

Долг период јавното мислење било перцепирано како нелегитимно, променливо, неинформирано и емотивно, поради тоа и несоодветно да учествува во управувањето со јавните работи и надворешната политика. Дури од втората половина на минатиот век, под влијание на некои изменети струи во политичката социологија, јавното мислење постепено било идентификувано, а понекогаш и вреднувано како фактор што влегува во процесот на донесување политички одлуки.[23] Јавното мислење може да се дефинира како збир на верувања и вредности кои повеќе или помалку ги споделува населението на дадено општество во одредено време. Во демократијата, јавното мислење се обликува во две точки од политичкиот живот на еден народ: на изборите и во политичката криза. Токму во втората точка, за време на политички немири, јавното мислење станува најгласно и често може да излезе од границите на самата држава и да се претвори во глас на меѓународната јавност. Човештвото сведочело на такви примери, од минатиот век па до денес, пред се низ демонстративни протести и бојкоти на граѓаните. Протестот на Тиананмен плоштадот во Пекинг во 1989, чиј симбол е еден човек во бела кошула застанат пред воени тенкови, ќе израсне во масовен протест на милион граѓани против комунистичкиот режим во Кина.[24] Понатаму, како „домино реакција" ќе следат протести со слични цели низ Европа (поточно

[22] Andrew Jeong, 'Bill Gates gives foundation $20 billion to fight 'huge global setbacks'' 14 јули 2022, достапно на: https://www.washingtonpost.com/business/2022/07/14/bill-gates-donates-foundation-wealth/.
[23] Osée, Utangisila Bena, *Individuals and International Public Opinion as an Actor in International Relations,* Open Journal of Social Sciences, Vol.7, 2019.
[24] Amnesty International UK, What really happened in the 1989 Tiananmen Square protests, 18 мај 2023 достапно на: https://www.amnesty.org.uk/china-1989-tiananmen-square-protests-demonstration-massacre.

Латвија, Естонија и Литванија) кои ќе кулминираат со успешни резултати.[25] Во Февруари 2003 година бил одржан еден од најголемите протести на глобално ниво, под порака за мир. Имено, милиони граѓани низ десетици градови ширум светот јавно се изјасниле против инвазијата на САД во Ирак.[26] Низ октомври и ноември 2023 година илјадници граѓани ширум светот активно протестираат против вооружениот конфликт во Газа, при што нивниот број значително се зголемува секојдневно.[27]

**V. Заклучок**

Низ призмата на претходно разгледаните примери би можело да се заклучи дека модернизацијата на општествата повеќе не дозволува индивидуите да бидат занемарени во меѓународните односи. Независно од нивната улога во рамки на државата, одредена организација или самостојно, можноста на индивидуата да дејствува на меѓународната сцена не може повеќе да биде потиснувана. Политичките лидери, како што е прикажано со спротивставените примери на значајни личности од 20-тиот век, го нагласуваат клучното влијание на поединците во насочувањето на нациите или кон деструктивни конфликти или кон мирољубива соработка. Понатаму, влијанието на приватните претприемачи се протега надвор од националните граници, при што економската моќ се претвора во геополитичко значење. Јавното мислење, кога е масовно мобилизирано, има капацитет да ги оспори воспоставените норми, да бара одговорност и да ги обликува приоритетите на нациите на меѓународната сцена. Глобализацијата доведе до тоа да се даде глас на поединецот и да се овозможи тој глас да патува далеку пообемни релации од кои можеле да замислат реалистите, кога ги одредиле државите како единствени актери на меѓународната сцена. Имено, секоја теорија за меѓународните односи инхерентно посветува одреден дел

[25] Во август 1989 година, милиони луѓе формирале човечки ланец долг преку 400 милји низ Латвија, Литванија и Естонија. Балтичкиот пат, како што бил наречен овој потфат, имал за цел да биде видлив, но мирен симбол на протест против комунистичките режими кои владееле во земјите. Протестот бил растурен за неколку часа, но неговото влијание било забележано. Набргу потоа, воениот пакт бил прогласен за неважечки додека антикомунистичките протести ја зафаќале источна Европа, кулминирајќи неколку месеци подоцна со падот на Берлинскиот ѕид. Во рок од две години, сите три балтички држави станале независни држави.

[26] Al Jazeera, Photos: The millions who protested against the invasion of Iraq, 19 март 2023, достапно на https://www.aljazeera.com/gallery/2023/3/19/photos-millions-protested-against-invasion-of-iraq.

[27] Al Jazeera, People across the world protest against Israel’s war on Gaza, 17 ноември 2023, достапно на https://www.aljazeera.com/gallery/2023/11/17/photos-people-protest-israeli-war-on-gaza-across-the-world.

разгледувајќи ја индивидуата во определен капацитет. Ова доведува до тврдење дека индивидуата е вид „основна функционална единица" на секое општество, а со тоа и на меѓународните односи. Бидејќи индивидуата е крајно таа која чувствува, дејствува, размислува, се плаши и напаѓа, бесмислено е да не се подведе како актер во меѓународните односи и да не ѝ се препише заслуга и за позитивните и за катастрофалните промени во светот.

**Користена литература**


1. Abdelhaey, Samah Abdelsabour, (2019), *Bringing the individual back in: Private entrepreneurs as actors in international relations – the case of Mark Zuckerberg*, Review of Economics and Political Science
2. Andrew Jeong, 'Bill Gates gives foundation $20 billion to fight 'huge global setbacks'' 14 јули 2022
3. Bae, Y.J., (2003) *Information technology and the empowerment of new actors in international relations*, Journal of International and Area Studies, Vol. 10
4. Byman, Daniel L., and Kenneth M. Pollack, (2001) *Let Us Now Praise Great Men: Bringing the Statesman Back In*, International Security, vol. 25
5. Durand, Andre, (1986) *The development of the idea of peace in the thinking of Henry Dunant*, International Review of the Red Cross No. 250
6. European Commission, *Robert Schuman: the architect of the European integration project*, 2021
7. Gagnon, V.P Jr., (1994/5) *Ethnic Nationalism and International Conflict. The Case of Serbia*, International Security, vol. 19
8. Girard Michel, (1999), *Individualism and World Politics*, Macmillan Press Ltd
9. Humanitarian Practice Network at ODI, Humanitarian Exchange, no. 58, 2013
10. Morgenthau Hans J., (1978) *Politics among Nations: The Struggle for Power and Peace*, 5th ed., Alfred A. Knopf
11. Machiavelli, Niccolo (1532), *The Prince*, преведено од George Bull, (2003), Penguin Classics
12. Nicholson Michael, (1999), *Individuals and their Influence on the International System in: Individualism and World Politics* edited by Girard Michel, Macmillan Press Ltd

13. Osée, Utangisila Bena, (2019), *Individuals and International Public Opinion as an Actor in International Relations*, Open Journal of Social Sciences, Vol.7
14. Philip E. Auerswald and David P. Auerswald, (2000), *The Kosovo Conflict; A Diplomatic History through Documents*, The Hague: Kluwer Law International
15. Silber, Laura; and Allan Little, (1996), *The Death of Yugoslavia*, Penguin Books
16. Waltz Kenneth N., (2018), *Man, the State and War*, Columbia University Press
17. Zimmermann, Warren, (1996), *Origins of a Catastrophe; Yugoslavia and its Destroyers*, Times Books